


ARWENA

---

# АРХЕОЛОШКИ ДНЕВНИК

Дигиталната верзија на оваа книга е објавена според условите на лиценцата на Криејтив комонс Наведи извор-Некомерцијално 3.0 Unported

Можете:

**да споделите** – да умножувате, дистрибуирате, јавно да го прикажувате или јавно дигитално да го прикажувате делото
**Преработка** – да го адаптирате делото

Под следните услови:

**Наведи извор.** Морате да го наведете изворот на ист начин како што тоа го направил авторот или давателот на лиценцата (но не на начин кој би сугерирал дека тие ве поддржуваат вас или вашето дело).
**Некомерцијално.** Не смеете да го користите ова дело за комерцијални цели. Во случај на понатамошно користење или дистрибуција морате на другите јасно да им ги дадете до знаење условите под кои е лиценцирано ова дело. Најдобар начин за да го направите тоа е да поставите врска до оваа веб-страница

**http://creativecommons.org/licenses/by-nc/3.0/deed.mk**

Секој од горенаведените услови може да биде поништен ако добиете дозвола од носителот на авторските права.
Ништо во оваа лиценца не ги нарушува или ограничува моралните права на авторот.



ARWENA

# АРХЕОЛОШКИ ДНЕВНИК

АквариуС
2008

БИБЛИОТЕКА: Блог-записи

*За издавачот:*
Снежана Штрковска

CIP - Каталогизација во публикација, Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

930.85(497.7)(049.1)

ARWENA
Археолошки дневник / Arwena. - Скопје : Аквариус, 2008. - 118 стр. : илустр. ; 20 см. - (Библиотека Блог-записи)

ISBN 978-608-4502-01-2 (ед.)
ISBN 978-608-4502-03-6 (кн.)

а) Културно наследство - Македонија - Блог-записи
б) Македонија - Културна историја - Блог-записи
COBISS.MK-ID 71939338

*Печат:* Графотисок - Скопје



# Археологија на идентитетот

Археологијата примарно е наука која се занимава со реконструкција на далечното минато. Меѓутоа луѓето кои живееле во минатото, своето совремие не го доживувале на тој начин. За нив тоа било исто како што ние денешниците не можеме да ја разбереме како дел од нашата современа археологија.

Дали можеби знаете дека присвојувањето на амблемот во вид на шестнаесеткрако сонце и спорот што националниот симблол на Македонија ѝ го донесе со соседната Грција, спаѓа во доменот на археологијата? Тоа е т.н. *археологија на идентитетот*. А не била само нашата држава предмет на такво проучување. Истото тоа им се случило на Египет, Мексико и Перу. Во Израел на пример археологијата е ставена во служба на националниот идентитет. Ова изедначување на археологијата со идеологијата

била една од причините (секако помеѓу куп на други работи) што Адолф Хитлер и национал-социјалистите во Германија за време на Втората светска војна се потрудиле да направат етничко чистење на Евреите. Тоа истото му се случи и на нашиот сосед Косово, кој ја наследи Босна како воено поле на “етничко чистење”. Еден современ концепт многу популарен и посебно застапен во 1990-те години во светот. Политика на деструкција честопати применета во недостаток на попацифистички идеи. Истото се случува и со некои републики кои се дел од поранешниот Советски Сојуз. Обидувајќи се да се натпреваруваат една со друга да бидат признаени преку потврдата дека се наследници на историското минато, честопати ги злоупотребуваат археолошките податоци во процесите кои ги водат.

Замислете до каде досега на пример гордоста на Англичаните кои неодамна ги откопаа основите на театарот каде во годините помеѓу 1590 и 1600-та биле изведувани премиерите на претставите од Шекспир. Тоа го сметаат како нивно културно богатство и дел од својот национален идентитет.



И додека нашите археолози се борат на виделo да ги изнесат сите податоци кои можат да одат во прилог на сопствениот идентитет, а тоа трае веќе со децении, во светот постои поинакво правило. Тоа гласи: Тоа што ќе го пронајдеш публикувај го веднаш или ќе бидеш проколнат засекогаш. Со други зборови кажано, ако сам не се ставиш на археолошката мапа од светот, ќе бидеш од неа избришан исто како никогаш да не си постоел.

Но во XXI век фала му на бога се срушија сите граници помеѓу археологијата и јавноста со френетичната експанзија на Интернетот. Тоа придонесе за подобра комуникација помеѓу археолозите и побрза размена на информации помеѓу нив и јавноста. Да се надеваме дека ова веројатно ќе даде позитивни резултати за иднината не само на нашата археологија, туку и врз контролата и протокот на информациите.

Ако не сте знаеле, сé ова околу нас е дел од т.н. современа археологија или во светот попозната public archaeology. Постојаното градење на објекти, патишта, индустриското производство, еден ден за идните генерации ќе биде древна археологија. И ќе биде закопано длабоко во

почвата. Почвата под нас може да ни даде многу информации. Затоа драги мои блогери, и попатни минувачи низ овој блог... треба да бидеме внимателни, зошто ние всушност постојано газиме врз нашите археолошки докази.

И како за крај само еден мал анекс на прашањето, до каде ли досега мојот археолошки светоглед, ќе кажам дека тој е безграничен, безвременски! Но, за да го постигнеме тоа потребно е да изградиме посебен однос кон сопствената култура, времето и минатото. Тоа е само еден од можните начини кои ни го покажуваат патот кон нашиот идентитет. Имаме што да научиме од сопственото минато, а да се надеваме, имаме на што да ги подучиме и другите.



# Уметноста на исламот во Македонија

Кон крајот на XV век Македонија, Србија и Босна и Херцеговина веќе биле потпаднати под владеењето на Турците. На овој балкански простор, паралелно со турската власт и исламизацијата, се развила уметност која суштествено се разликувала од традицијата на христијанската култура. Заземајќи значајно место во културата на Македонија, оваа исламска уметност своите корени ги влече со векови наназад.

Во VII век од нашата ера во Арабија се родила една нова религија. Тоа бил исламот. Исламските војници секаде каде што минувале по освоените територии, зад себе подигнувале и оставале архитектурални дела во вид на џамии или мошеи. Честопати се случувало во недостаток на локација или прикладна архитектура, да ги адаптираат веќе постоечките христијански градби. Внатре во џамијата се наоѓала некој вид на апсида за молитва што тие ја нарекувале михраб и проповедалница - минбар. Пред џами-

јата постоело двориште опкружено со тремови, а во неговата средина била чешма. Покрај џамијата се градел четвороаголен, повеќе-аголен или кружен висок минарет.

Првите џамии имале облик на византиските дела. Всушност тие биле имитација на источно римските централните градби со голема купола, која во почетокот била кружна, а потоа добила изглед на лак. Биле изградени на Блискиот Исток, во Сирија и во Палестина.

Надворешноста на една џамија е честопати едноставна, но во внатрешноста на градбите доминираат делови и мебел кои се богати со украси. Меѓу нив најглавни се арабеските. Тоа се орнаменти каде што фантастично се испреплетуваат растителните со геометриските мотиви, пропратени со испишани реченици од Куранот. Орнаментите можат да бидат сликани или клесани, т.е. делкани од камен, дрво и тула, а честопати обоени и позлатени.

Според муслиманската вера во нивните верски објекти не смее да се претставува човечкиот лик. Така никако не можела да се развие фигуралната и на место неа во прв план избила декоративната уметност.





Едно од ремек делата на исламското градителство претставува дворот-тврдина на маварските владетели, во Алхамбра, кај Гранада во Шпанија. Има двор опкружен со отворени тремови носени од витки столбови. Лаковите имаат облик на потковици, а главиците од столбовите и сите ѕидни површини се прекриени со арабески. Во средина на дворот е поставена фонтана во облик на голема чинија со водоскок, а ја носат дванаесет лавови од црн мермер.

Подоцна, кога Турците - азиски народ кој го попримил исламот, го освоиле Цариград, престолнината на Византија, повеќето од христијанските цркви ги преуредиле во џамии. Благодарение на тоа сочувани се некои од најзначајните дела во византиската уметност во периодот помеѓу VI - XV век. Меѓу нив спаѓаат ***Света Софија***, подигната од царот Јустинијан Први во



средината на VI век, и Кахрие Џамија , оригинално посветена на Богородица и Христос од Хора (Хора - област од Истамбул), каде и ден денес може да се видат фреските кои тука се изведени во техниката на мозаик.

За време на владеењето на могулот, во Индија продрела исламската уметност. Во годините помеѓу 1630-1648, шахот Џехан во близината на градот Агра подигнал мавзолеј во чест на својата љубена жена. Според богатството на облиците, фантазијата на украсите и локацијата во парк со езерца, оваа градба од бел мермер претставува бисер на персиско индиската архиректура. Оваа гробница-мавзолеј е позната под името Таџ - Махал.

Со доаѓањето на Турците на Балканскиот Полуостров, поточно во земјите на југоисточна Европа каде спаѓа и Македонија, до израз дошла уметноста на исламот во овие краеви. Тогаш се создале значајни споменици, различни видови на јавни и трговски згради, џамии и други видови на објекти.

На територијата на Македонија најстарите џамии се подигнати во XV век, честопати од



турските управувачи - паши и бегови. Изградени во брусински стил инкорпорираат примеси од византискиот начин на градење - сменување на камен и печена глина, додека декорацијата во внатрешноста е редуцирана. Во овој стил се направени Исак-беговата - наречена Алаџа Џамија, и Џамијата на Султанот Мурат Втори, обете во Скопје. Мустафа-пашината џамија (1492) исто така лоцирана во Скопје е градена во раноцариградски стил, со кој се воведува полукупола, со издолжен молитвен простор и две еднакви куполи. На овој начин е изградена и Шарената Џамија во Тетово, која се вбројува помеѓу најбогато декорираните џамии кај нас.



Шарената џамија во Тетово, Капан-ан - Скопје, внатрешноста, Сули-ан Скопје, внатрешноста

Подигнувани се и други сакрални објекти како Арат баба теќе во Тетово, кој бил активен до 1912 год., а сега е музеј, потоа гробиштата на ридот Гази Баба во Скопје и др.

Профаната или градската архитектура се карактеризира разновидност, функционалност, високи конструктивни и естетски квалитети. Помеѓу нив се издвојуваат ***Куршумли-ан***, ***Сули-ан*** и ***Капан-ан***, во Старата скопска чаршија, а ***Даут Пашиниот Амам*** денес е Национална галерија.

Се разбира дека ова е само мал сегмент кој исламската уметност го оставила на територијата од денешна Република Македонија и не е возможно се да биде опфатено на едно место. Како дел од нашиот секојдневен живот, потребно е на овие споменици да им се даде можност самите да почнат да ја раскажуваат историјата, а не да останат игнорирани и неми пред неа. Пред нашите очи имаме изобилство на облици, и како и секое друго културно богатсво не смееме да го оставиме да тоне во вечноста.



# Пештерните цркви во Македонија

*или можност за спиритуален туризам*

Македонија е библиска земја со огромно богатство на цркви, манастири, лековити води и чудотворни икони. Бројот и разноликоста на преку 155 комплетно сочувани манастири и деведесеттина кои се во различна фаза на изчезнување ни сугерираат минато на луѓе чија историја е исполнета со создавање, уметност и спиритуалност.

Доцната антика и преминот кон средниот век завршил со распадот на Римското царство на Источно и Западно. Територијално и временски овој период оставил неизбришливи траги врз археолошкиот и уметничкиот пејсаж на Македонија, со оглед на фактот што нашата земја отсекогаш била крстосница помеѓу културниот Запад и мистичниот Ориент. Место каде секогаш бил присутен дуализмот на стра-

дања и воскреснувања. Како што духот се издигнува над пропаста, како што денот ја победува ноќта.

Оттука започнува историјата на Византија која како моќна држава опстанала сѐ до падот на Цариград под Турците, оставајќи зад себе непроценливо културно-историско богатство преточено (покрај архитектурата) најмногу во богатата палета на икони и треперливото фреско-сликарство во црквите и манастирите кои битисувале во овој период.

* * *

Почнувајќи од палеолитот, преку другите праисториски култури, периодот од времето на античките Грци, Римјаните, целиот Среден век па сѐ до денеска, останати се траги во многу наши пештери. Некои од нив се ставени во рангот на археолошки наоѓалишта и со самото тоа се заштитени со законот. Во нив спаѓаат и т.н. пештерни цркви.

Веројатно восхитот и фасцинантноста се само дел од чувствата кои нѐ преплавуваат кога се соочуваме со овие енигматски христијански



зданија. Изградени на влезот од некои пештери или во нивната внатречност, пештерните цркви мамат воздишки и стравопочит со својата импозантност, долготрајност и пред се мистичност.

Спојот на пештера и црква е навистина необичен и несекојдневен како за спелеолозите, кои ги проучуваат пештерите, така и за археолозите кои ги проучуваат сите траги врз кои печат оставила човечката рака. Невообичаен предизвик претставуваат посебно за историчарите на уметноста, но и за сите оние кои ги почитуваат древните култури. Како редок феномен со својата уметничка и историска вредност успеваат да го привлечат вниманието и на светската јавност.

За пештерни цркви обично се користеле природни пештери, понекогаш сместени високо во карпите, кои ако било потребно, можеле дополнително да се преградат со ѕид од кршен камен. Подоцна кај некои од нив се доградувале и конаци. Во пештерни цркви спаѓаат и голем број на монашки испосници. Поединечните испосници упатуваат на пустинаци кои се занимавале со мистика, чудотворство и пророкување, или можеби монаси кои сакале во посе-

бен мир нивната душа да тргне по патот на светлината и да го најде својот дом блиску до Бога.

### Почетоците на пештерното живописание

Започнати да се појавуваат околу деветтиот, некаде во периодот помеѓу XIII и XIV век настанале првите живописи кои можат точно да се датираат според трагите што на нив ги оставиле анонимните мајстори од т.н. "сликарки тајфи".



Црква Св. Лазар, село Бегниште (пештерна црква) Кавадарци



Св. Стефан Панцир



Пештерна црква, Струга



Тоа биле иконописци кои припаѓале на помалку или повеќе карактеристични сликарски школи кои гравитирале на територијата на Балканот и затоа фреските во некои од пештерните цркви се сродни со фреско-сликарството во најпознатите манастири во Македонија. Така преку возвишениот енигматичен стил, во насликаните ансамбли можат да се следат уметничките тенденции кои провејувале во средновековнотот сликарство.

Честопати за овој тип на монументи отсуствуваат пишани извори, па денеска поради недостапноста на повеќето од нив, како и поради продирањето на атмосферските влијанија во внатрешноста, отежнато е нивното проучување, анализирање и евентуална заштита. Најбројни околу крајбрежјето на Охридското и Преспанското Езеро, засега се регистрирани преку 50 пештерни цркви на територијата на Република Македонија, кои ги има и во долните текови на Бабуна, Црна Река, но и во Источна Македонија. Помеѓу нив спаѓаат Св. Марко и Св. Лазар на Тиквешкото Езеро, Св. Архангел Михаил, Св. Спас, Успение на Богородица, Св.

Еразмо, Св. Богородица Пештанска крај Охрид (со најголем зачуван ансамбл), Св. Спас, Св. Евла (Ресен), Монашка пештера и Црквиче (општина Чашка) и многу други.

**Вечниот сон, мој духовен дом**

Секако дека за сега ќе остане тајна, кои биле луѓето што на ваков мистичен начин ја преслικале својата духовност на ѕидовите од карпите. Гледајќи го сликарството во целост, ликовните карактеристики откриваат раце на вешти зографи кои одлично го познавале својот занает, и со вонвременска љубов сликајќи ги познатите сцени од Светото писмо и Евангелијата, ги преточиле во непознати уметнички дела полни со вдахновение. На овој човек уметник и верник, суштинската концепција му била можеби, да подигне храмови на непристапни и осамени места како дел од величенствениот поход кон кралството на вечноста.

И воопшто не зачудува зголемениот интерес на странските туристи во Македонија кои доаѓаат специјално само за да ги видат пештерните



цркви, а тие пак како ретка културна вредност остануваат да бидат неми сведоци на нашата средновековна култура и уметност. Сега не ни преостанува ништо друго, туку од нив да направиме препознатлив бренд, фино да ги спакуваме и да ги понудиме на светскиот пазар.

П.С. Ако сакате повеќе да дознаете можете да ја консултирате книгата на Гоце Ангеличин - Жура: “Пештерските цркви во Охридско-преспанскиот регион”.

# Каде е гробот на Пресвета Дева Марија (Мајка Богородица)?

Католиците ја познаваат како Мери Ен, Муслиманите како Мерјем Ана, Евреите како Мирјам, а Христијаните како Марија. На 28-ми август (кај католиците 13 дена порано), во чест на пречистата и преблагословена Девица Марија, Мајката Божја Пресветла, светот го прославува "Успението на Пресвета Богородица", еден од "Циклусот на дванаесетте големи празници".

На оддалеченост од седум километри од денешниот град Ефес (Кушадаси, Турција), изградена на падините од планината Корес, во длабока борова шума се наоѓа куќата на Мајка Богородица.

Контроверзното прашање околу куќата на Мајка Богородица својот почеток го имало на 29 декември 1812 година во визиите на Катерине Емерих, една калуѓерка од Германија, припадничка на агостинскиот ред. Во историјата која таа ја напишала под наслов "Животот на Света Девица Марија", дала опис на местото каде престојувала Мајка Богородица кога го напуштила Ерусалим, а кое се наоѓало на едно брдо во близината на градот Ефес. Се разбира дека нејзината сторија би завршила во научна фантастика, доколку не се знае податокот дека таа од раѓање била инвалид, и за време на својот живот ниту еднаш не ја напуштила Германија. Гробот на Мајка Богородица кој сѐ уште останува мистерија, официјално и ден денеска се наоѓа во малата црквичка гроб на Пресвета Богородица во храмот на нејзиното Успение во Гецимaнија - Ерусалим. Според Библијата, по распнувањето Исус Христос му ја доверил Мајка Богородица на апостолот Свети Јован Богослов да се грижи за неа како за своја мајка. Потоа се знае дека Апостолот дошол во Ефес веројатно некаде помеѓу 37 и 48-та година после Христа, каде продолжил да го шири христијанството. Покрај останатото, фактот дека Девица Марија живеела во Ефес бил потврден и со не-

кои други елементи. Во ѕидините на самиот Ефес постои една Базилика посветена на Девицата, која била изградена во периодот кога законот кој одговарал на црквените прописи дозволувал една црква да се посвети на некој светец само ако тој истиот живеел и умрел на тоа место. Потоа тука се и околностите дека Вториот Екуменски Собор, која ја одредил догмата за божественото бестелесно зачнување на Марија, по сè изгледа веројатно се случил во Ефес. Како кулминација на сето ова, во блиския град Селџук археолозите во средината на XX век го пронајдоа *гробот на Св. Јован Богослов*, во внатрешноста на една огромна базилика подгната за време на владеењето на византискиот император *IUSTINIAN I*.

Кон крајот на XIX век, двајца свештеници од лазаријанскиот ред, Јанг и Полен, изненадени со прецизноста на деталите кои ги навела калуѓерката Катрине Емерих, во близината на денешниот археолошки локалитет Ефес почнале со археолошки ископувања. Како резултат на ископувањето било пронаоѓањето на остатоци од куќа, која изгледала доста старо (темелите




Успение на Пресвета Богородица, 1295, фреска, Охрид


Криптата од гробот на Дева Марија, Ерусалим


Влезот во црквата на вечниот сон, Ерусалим


Остатоците од црквата посветена на Богородица, Ефес


Статуа на Пресвета Дева Марија пред влезот од нејзината куќа во Ефес

се датирани во 1 век .н.е). Таа се поклопува со визијата на калуѓерката дека куќата на Мајка Богородица која била од камен, била изградена од Св. Јован, имала правоаголна основа со заден кружен ѕид, како и апсида и огниште. Откритието на оваа примитивна куќа само го потврдиле фактот дека Девицата престојувала во Ефес, во контрадикција со една друга античка традиција според која таа се умирила на брдото Сион кај Ерусалим, на местото каде и денеска се наоѓа црквата на вечниот сон.

Еден пат со дрвореди води кон Куќата на Мајка Богородица, која во 1951 година е преуредена во капела, а во нејзината внатрешност можат да се видат голем број на заветни дарови, како и мали и едноставни олтари кои се наоѓаат на десната страна од салата на вечниот сон. Куќата која е реставрирана, денеска претставува центар на аџилак, со религиозни обреди кои ги обавуваат свештеници и калуѓерки. Местото е познато по своите чуда и многу луѓе тврдат дека токму тука биле излекувани од неизлечиви болести, па се случило да биде посетено и од Римскиот Папа кој тука поминал во 1967 г.



Катрине Емерих исто така го предвидела и пронаоѓањето на гробот на Мајка Богородица, за кој рекла дека се наоѓа во близината на нејзината куќа. Но за жал, до ден денеска археолозите сè уште по него трагаат.

# Големите Мајки Богинки - култ или...

*Прва молитва на Магна Матер*

Сокови од камења, од глинени садови
со капки од извори
се слеваат,
со мирис на ноќта...
Небото топи искри
и благослов на својте деца
дава
пред портите на Светот ...
Танц околу огниште ...
девојки
со мирис
од стопени желби ...
Во тропот на камен накит и школки
ветрот ја пее химната своја
во линии... на пустински песок,
и очи
и усни
љубат ѕвездени грутки
над болката и страста.



Уште еден ден се роди
со заробен спокој
на родилка.
**Нашите древни корени**
**(од блогот на Лотос)**

Неолитот е едно прекрасно време, или како што археолозите го нарекуваат, време на благосостојба. Во утробата на светските цивилизации, заплисната од сончевината на тлото каде се наоѓа, на територијата на Македонија се појавила цела една култура која со своето заминување во тајните на древнините го однеле и својот култ кон Големата Мајка Богинка.

Податоците велат дека овој период на младото камено доба, територијално и временски зависен од многу фактори, се појавил некаде околу 11-12 милениум пред н.е. на Блискиот Исток, за да заврши некаде до 5-4 милениум во студените земји на Северна Европа. Археолошките наоди од овој период во Македонија се ставаат во рамките помеѓу 6 до крајот на 4-от милениум пред н.е.

На нашата територија според археолошките податоци постојат повеќе од двесте неолитски локалитети. Според проверните но и незапишаните извори, на територијата на Скопје и неговата околина ги има повеќе од дваесет и пет. Нели е тоа бројка над која треба да се замислиме? Дали можеби овој квантитет нѐ упатува кон сѐ уште нам неоткриени и недопрени тајни? Толку многу населби на толку мал простор? Дали можеби тоа е начинот и алката преку која треба да си ги бараме своите корени на ова парче тло? До каде ли досега нашата гордост? Да ги спознаеме своите предци и да се нурнеме во длабочините на своето минато.

**На чекор до мистеријата**

На само неколку километри од центарот на Скопје се наоѓаат два мошне важни археолошки локалитети на кои се пронајдени теракотни предмети на Големите Мајки Богинки. Тоа се Тумба Маџари и локалитетот Церје, крај Говрлево. Ископувањата на обата локалитета се одвиваат неконтинуирано и со спорадични прекини траат до ден денес, длабоко верувајќи



дека можеби во иднина ќе дадат информации со кои можеме да ги пополниме камчињата од мозаикот на животот на неолитскиот човек. За разлика од Говрлево кој се наоѓа на оддалеченост од 12 км, Тумба Маџари е локалитет кој практично е во самото Скопје помеѓу денешните населби Ченто и Маџари во непосредна близина на фудбалското игралиште. Со изградба на претходно споменатите населби, а особено со неконтролираното подигање на дивоградби врз и околу неа, создаден е нов амбиент во кој тумбата дури и не се забележува. Со градежните работи културниот слој е доста оштетени и речиси 3/4 од населбата е неповратно уништена за понатамошните археолошки ископувања. Со самото тоа и ние како наследници на една високо развиена древна култура, остануваме покуси за една цела низа на информации.

**Големите мајки богинки**

Покрај остатоци од населбински куќи на овие локалитети, значајно место заземаат керамиката, но и наодите од култна пластика, по-

себно антропоморфната. Пред сè тоа е ГОЛЕМАТА МАЈКА БОГИНКА, или Магна Матер, заштитничка на плодноста и куќата, претставена на начин што е досега непознат помеѓу неолитските култури од другите балкански простори. Ќе ни дозволи ли креативноста да си поиграме со нашата фантазија и само за момент да замислиме што ли чувствувал тој древен човек додека стоел пред Големата Мајка Богинка? Како што би рекол еден голем поет на дваесеттиот век: дали некогаш ќе го почувствуваме мирисот на цвеќето од пред повеќе илјади години што праисторискиот човек го положувал во нејзина чест?



Големата Мајка Богинка од Маџари, Скопје

Овие предмети означени како жртвеници во науката, сè уште се далеку и од поимањето на тоа каква им била намената и за што служеле. Правени од керамика можеби се наоѓале во светиот дел од куќата и во нивна чест се вршеле религиозни обреди, поединечно или групно во рамките на семејството.



Персонификацијата во претставата на жена не е нималку случајна. Жената отсекогаш била заштитничка на биолошката репродукција, само што во овој случај тоа е како продолжување на духовната димензија поврзана со нивните верувања, претставувајќи ни концепција на еден сè уште недоволно објаснет сегмент од спиритуалниот живот на неолитскиот човек.

Излегувајќи од рамките на традиционалните шаблони на своето време, древниот човек претставувајќи ги главите на Мајките богинки, им дал иконографски и пелеоетнографски белези, обликувајќи ги притоа тродимензионално. Со што им дал една доза на суштественост, вистинитост, но и топлина.

## Праисконски корени

Големите мајки богинки се вистински патеводителки. Поставени на основа од куќа ни го сугерираат она најважното, најсуштинското, она подзаборавено време, кое всушност е толку едноставно, но од науката издигнато до слики со митски димензии. Тоа само нè упатува на една неодолива и недопирлива големина за

претставата на природата, што праисконскиот човек ја имал пред себе, на која ѝ се поклонувал, која ја почитувал. Една суштински длабока и вечна цивилизациска вистина инкорпорирал во своите култови преку Големата мајка богинка, а тоа е дека каде и да се наоѓа човекот, тој секогаш енергијата ја црпел од земјата, почвата, тлото под него. Онаму каде што се наоѓал.

Ако направиме сублимација од значењето на зборовите куќа и мајка, ќе дојдеме до сличен заклучок. И обете во своето непобитно суштинско значење упатуваат на место кое е сигурно, секогаш заштитнички расположено, поврзано и возобличено со безвременска љубов. Исто како што природата се грижи за својата земја, исто како што земјата се грижи за своите посеви. Исто како што мајката се грижи за своите деца. Еден непрестано реверзибилен и кружен циклус. Една есенцијално безвременски обликувана концепција, еден несоборлив контекст на кружење на енергијата и љубовта низ природата.

Поминувајќи низ разни видови на духовни метаморфози, неолитскиот човек како ненадминат мајстор на своето време, успеал да создаде и олицетвори еден наизглед симпатичен модел на своите верувања. Но, дали тоа е навистина така? Со неговото заминување, заминал и култот кон Големите мајки богинки и можеби никогаш нема да дознаеме дали тоа претставувал “експериментален” излет на неговата фантазија или можеби тоа била само имагинација на една популација која тајните на минатото ги однела со себе до најголеми длабочини.

**Po~vite s**è уште кријат огромни и за сега недостапни тајни. Веројатно само природата знае уште колку големи мистерии крие почвата под градот Скопје, а за Македонија и да не зборуваме. И ако не ги истражиме и спознаеме овие, како ли ќе си ги најдеме нашите пра праисконски корени?

# Метаморфозите на Скопското Кале



Во срцето на Скопје покрај водите на реката Вардар каде древните вистини се проткајувале низ едно мало парче земја, шармантно се издига монументална тврдина. Со својата местоположба која доминира над околината, опкружена е со бедем во форма на триаголник граден и обновуван со милениуми, кој всушност претставува симбиоза на повеќе техники и градби.

Кога древните сончеви зраци за првпат паднале на она што денеска го познаваме како Скопското Кале, ги осветлиле моментите на енеолитската цивилизација. Тоа се случило



некаде околу 3.000 година п.н.е. Потоа праstarите цивилизации од некои мистериозни причини го одбегнувале ова место за повторно да го населат во годините некаде помеѓу VII и VI век п.н.е. кој одговара на железното време и преминот кон раната антика.

**Скопското Кале - изгубениот град Јустинијана Прима?**

Необично но многу интересно, животот се одвивал континуирано сѐ до преодот од IV во V век кога населбата била напуштена. Потоа доаѓаат неколку векови на хијатус, што археолошки се огледува во недостаток на материјална култура од тие периоди. Нема населување, нема населби, нема предмети. Нема дури ни записи. Само нем сведок за присуството на еден голем император е дел од фортификациониот систем кој е монументален и се разликува од преостанатите средновековни делови на обѕидието. Изграден од големи правоаголни камени блокови многу потсетува на градбите кои во тој стил кој ги подигнувал величенствениот пред-

водник на Источното Римско Царство, најсветлото сонце на Византиската Империја - императорот Јустинијан Први.

По катастрофалниот земјотрес кој во 518 година го погодил подрачјето на древниот антички град Скупи и неговата колината, животот во градот замрел и не продолжил никогаш повеќе. Голем дел од градежниот материјал на римските градби од Скупи бил изваден и однесен на некое друго место. Се претпоставува дека во тој период, што се поклопува и со мислењето на еден голем англискиот патеписец Arthur Evans, тврдината Кале била акрополата, т.е. Горниот град на еден од сѐ уште фамозно изгубените градови во бескрајниот временски простор на археологијата. Така во челниот ѕид на Калето може да се видат стотици вградени делкани блокови, делови од римски градежни елементи, столбови, плочи со римски натписи и друго. Се претпоставува дека овој дел од ѕидот потекнува од VI век и дека тоа се остатоците од акрополата на највеличенствениот град што некогаш го изградил императорот Јустинијан Први - Јустинијана Прима. Но, дали е така?



Ископувањата на Скопското Кале, кои започнаа во 2007 година, го дадоа одговорот на ова прашање.

**Калето престолнина на царевите**

Во византиско-словенскиот период (X-XIV век) Скопје претставувал значајна крстосница на големите трговски патишта, значајно стратегиско, но и погранично упориште. Градот бил поделен на Горен Град и Долен Град. Во Горниот град била издвоена военоуправната елита, а во Долниот град живеело цивилното население.

Кога историчарите пробале да го реконструираат периодот на средниот век, сите настани кои биле поврзани со постоењето на градот, укажувале исто така на уште еден голем владетел. Така историјата на тврдината од словенскиот период се поклопува со владеењето на царот Самоил, кога Скопје доминира како важно стратешко место. Но за жал, од историски записи за Самоил во врска со Скопското Кале не можеме да дознаеме ништо повеќе и единствен материјален доказ од ова време е дел од

бедемот, како најстара зачувана фортификacija odX век.

Од XI век имаме исто така монументални “киклопски ѕидови”, обложени со големи травертински квадрати чија внатрешност е исполнета со кршен камен залиен со малтер и граден во техника позната како *opus quadratum*.

Периодот на XII век се совпаѓа со владеењето на моќната византиска фамилија Комнени, кои не оставиле само печат на ѕидините од Скопското Кале, туку и во религиозно-уметничкиот живот на овој дел од империјата градејќи го и живописувајќи го манастирот Св. Пантелејмон, крај Нерези, во близината на Скопје, ремек дело на византиската уметност.

Од крајот на XII до крајот на XIII век во низа воени акции, Византија ги губела и ги враќала балканските територии кои ги имала дотогш. Историските, политичките и економските услови ги искористиле словенските соседи, Србите и Бугарите, со цел да ја прошират својата власт над Македонија. Српскиот цар Душан отишол до таму што своето крунисување ни повеќе ни помалку, го направил токму во Скопје.



**Доаѓањето на Османлиите**

Но, сето тоа траело сè до 1392 година кога градот и власта ја преземале Османлиите и тука останале петстотини години. Во турскиот период и подоцна, Горниот град послужил за стационирање на градскиот гарнизон. Подетален опис за тогашната тврдината - Горен град ни дава познатиот патеписец Евлија Челебија велејќи: “Тоа е утврден град, со цврста и јака утврда, со двојни бедеми. Градската порта и бедемите се изградени од делкан камен кој свети како да е полиран. Опкружен е со седумдесет бастиони и три железни порти на југоисточната страна, а во предворјето на секоја висока порта се наоѓаат многу стражари. Вратата и ѕидовите на тоа предворје се накитени со разно оружје и алати потребни за оружјето.”

На источната, југоисточната и северната страна се наоѓале длабоки ровови. Пред влезната врата, над ровот, минувал дрвен мост кој може да се види и денеска. Стражарите понекогаш го кревале тој мост со помош на чекрк и така создавале непрооден јаз пред портата. На неа пак имало натпис во кој стоело дека таа е преправана.

Во ваква состојба 1689 година тврдината ја затекнал и австрискиот војсководец Пиколомини. Во неговото писмо упатено до царот Леополд вели: “...тврдината е ѕидана на стар начин, сега наполно без одбрана и вода, нема простор за коњица...” Но сепак тоа не го спречило да го запали Скопје до темел.

Во XIX век патеписците велат дека на тврдината биле сместени само магацини, барутани, воена болница и затвор.

**Новиот живот на Калето**

Во 1963 година кога Скопје доживува катастрофален земјотрес тврдината претрпува големи оштетувања. Поради тоа се преземени мерки за конзервација и реставрација на неговите ѕидишта и кули и денеска е реставриран 121 метар од надворешниот бедем, некогашната округла кула, а четвртестата и триаголната се само делумно реставрирани.

Голем дел од конструкцијата на одбранбените ѕидови од византиско време содржела градежен материјал каде биле употребени поголем број на фрагментирани и цели надгробни епиграфски споменици кои потекнувале од античкиот град Скупи. При изведување на конзерваторските работи на тврдината, извесен број од овие споменици е изваден и денес може да се види во Музејот на Македонија, во Скопје. Просторот на некогашниот Горен град, денеска археолошки локалитет и дел од националното културно богатство, уреден е како парк од каде граѓаните и туристите можат да доживеат прекрасен видик кој се простира од десната strana na rekata Vardar kon sega ve}e *Новиот Град*.

Напомена: Со најновите археолошки истражувања на Скопското Кале се очекува комплетна конзервација и реконструкција на неговите бедеми.

# ВЕНИ, ВИДИ, ГРАФИТИ!!!

*Урбани уметности - ГРАФИТИ*

Светот е создаден од ѕидови и луѓе. А каде има луѓе, таму има и пораки, нели!

Графито или во множина ГРАФИТИ, е секое било случајно пишување, непристојно цртање или оставање на траги по ѕидовите на зградите, окарактеризирано како намерно пишување на натписи. Без оглед дали се изгребани на камен или на ѕид со некој остар предмет, или уште почесто, напишани со креда или јаглен, графитите постојат во изобилство и ден денес околу нас.

Отсекогаш сум сметала дека графитите и археологија се компатибилни, и дека може многу да се дознае од нив, но нејсе тешко е сè да се стави на едно место. Овој текст беше испровоциран од нешто друго, но за тоа наредниот пост.

Почетоците на графитите се поврзуваат пред сè со цртежите оставени во пештерите, но



и со спомениците на древниот Египет, а нивната содржина вклучувала шкртаници, непристојни карикатури, наменски обраќања и стихови. Старите Римјани во своите градови-полиси оставиле траги од графити. Очевидно било дека приватните сопственици на имоти во стариот Рим ги почувствувале непријатностите од унакажување на нивните ѕидови, штом во близината на Порта Портесе бил пронајден натпис со кој се молеле луѓето да не шкртаат (*scariphare*) по ѕидовите. Од тоа време датираат и двата легендарни графити од Помпеја: Maxumus set masimus (Максим е магаре) и Inter leges puellarumest gaudiampuerorum (Меѓу нозете на девојчињата лежи радоста на момчињата). Првиот познат графит напишан во модерен стил преживеал во античкиот град Ефес (денешна Турција), кој според туристичките водичи се чини дека ја рекламира проституцијата.

Каков и да е нашиот став кон графитите, и покрај нивната евтина вредност, нивното значење е двојно. Од една страна различните типови на писмо употребени од луѓето во минатото можат да им помогнат на археолозите да датираат некоја градба. Тие се посебно важни




Графит на храм во Египет



Графит на храм во Египет



Славниот графит од Ефес, Турција



Графит од Помпеја



Графит на Викинзи на кој е претставен нивниот брод



Графит на еден капител од Св. Софија, Цариград



Cave art на Banksy во British Museum



за лингвистите затоа што јазикот на графитите е многу поблизок до јазикот кој се зборувал во тој период и на тоа место, отколку вообичаениот пишан збор кој стигнал до нас. Така во случајот со античките Грци, дознаваме за потеклото на наемниците кои си ги испишале нивните имиња на куќата што ја граделе со древен кипарски дијалект и слоговно писмо. А, на Египетските “Сфинги” грчките туристи од Памфилија си ги врежале своите имиња на големата пирамида од Гиза. Од друга страна, графитите се непроценливи за историчарите затоа што фрлаат светлина врз секојдневниот живот на обичните луѓе од тој период, како и интимни детали за обичаите и општественото уредување.

Генерално, за најславен графит е прифатена карикатурата на Исус Христос распнат на крст, нацртана на ѕидовите од Домус Гелотиана во Палестина, пронајдена во 1857 година, која сега се наоѓа во приватната збирка на Museo Preistorico Etnografico на Луиџи Пигорини.

Дваесеттиот век, како и сите други работи, го институционализираше медиумот графити како неизбежен дел од секое населено место.

Во краткиот историјат ќе го спомeнеме појавувањето на клучната фигура на уметничката сцена во Њујорк од осумдесеттите, Jean-Michel Basquiat, кој со своите откачени графити со потпис Samo (Сејмо) успеа да го наметне својот стил и начин на размислување и да заземе значајно место во историјата на уметноста.

А ако Баскијат заедно со сограѓанинот Кит Херинг, меѓу првите го промовираше графитот Ерос - тогаш ѕидот Танатос во 1982 на најдобар начин ја претстави лондонската група Pink Floyd со концептуалниот албум The Wall, на кој луѓето замерија дека му фали некој графит повеќе. А Берлин, ќе прашате?

Денеска најпознат автор на графити е Banksy од Бристол, означен како арт диверзант кој ги подметнува своите дела во најпознатите музеи, и сè уште никој не го фатил. Последното негово дело (доста автентично) беше поставено во Brithish Museum во Лондон, минатата година во мај. Цртежот на пештерскиот човек како турка количка за супермаркет, обезбедувањето успеа да го открие дури по три дена.

Но, денеска пишувањето на графите добива поинакво значење како форма на народна, но



и автентична уметност. Преокупацијата на XX век со случајните и други манифестации на несвесното го стимулираа интересот за оваа форма на личното изразување, а техниката и содржината на графитите почнаа да влијаат и врз повеќемина современи уметници. Многу современи аналитичари и историчари на уметноста во некои од графитите почнаа да гледаат уметничка вредност и да ги препознаваат како форми на јавна уметност. Според многу проучувачи на уметноста, посебно во Холандија и во Лос Анџелес, овој тип на јавна уметност во суштина е ефективна алатка за социјална еманципација или постигнување на некоја политичка цел.

Графитите, што својот врв го доживеаја кон крајот на XX век во Њујорк, си го обезбедија своето место во сферата на урбаните уметности. Како составен и потребен дел од една урбана средина, почнаа да никнуваат огромни повеќебојни графити направени со боја за спреј по ѕидовите на зградите, метроата и сите останати можни места. Генерално осудени од јавното мислење како непријатни, сепак претста-

вуваат една иновативна форма на уметноста на која понекогаш не и недостасува ни естетика.

**Некои од најпознатите светски графити:**

Демократија е кога секој може да каже, што мислам јас!

Кога графитот на ѕидот е влажен, значи дека штотуку поминал критичарот?

Дали во последно време си прочитал некој добар ѕид?

Ако графитот го напишеш со брзина на светлината, тој ќе има бесконечно тешка порака.

**некои од најпознатите скопски графити:**

ГОРЕ ВЛАДА

Ѕидови за вас, прекрасни луѓе.

Никогаш не пијам вино!(потпис: Дракула)

Те паметат само ако си прв! (потпис: Последниот Мохиканец)

Фјодор, помини на чај! (потпис: Идиот)

Подобро активен денес отколку радиоактивен утре

П.С. Податоците се главно избунарени од интернет, од истоимената книга на Темплум, и некои лични ставови на газдарицата на овој блог.



# Праисториската опсерваторија во Кокино

*Намерно го напишав текстот за Кокино после веста за Цоцев Камен, зошто овде археолозите и покрај обилството на археолошки материјал, сѐ уште сосема скромо ги донесуваат и ги презентираат своите заклучоци.*

**Отпчаток на духот во камен**

Првото нешто што древниот човек го земал од природата и го преобликувал, бил каменот. Така каменот станал првиот доказ на кој тој како белег го направил отисокот од својот дух. Кога ли започнал дијалогот на човекот со каменот? Веројатно уште многу, многу одамна кога во прадамнешните и мистични времиња почнал да го употребува за правење на своите први алатки. Не се рекло напразно дека “каменот е најдобриот молчелив човеков пријател”. Да можеле до сега камењата да зборуваат, ве-

ројатно би ни откриле голем број на мистерии. **Pome|u tie misterii se vbrojuvaati** праисториските соларни лаборатории кои се појавиле кон крајот на 4 милениум п.н.е. на територијата на Балканот и кои како резултат на еден замрзнат ритуал и конзервативност останале да се експлоатираат сè до доаѓањето на Римјаните.

**Преку каменот  до вечноста**

Локалититот Татиќев Камен е поставен на надморска висина од 1013 м, врз природната карпа од вулканско потекло наоѓајќи се во близина на селото Кокино, Кумановско. Дека се живеело во негова близина, ни сведочат и поголемиот број на праисториски населби кои се наоѓаат во дијаметар од неколку километри по воздушна линија, со временски дијапазон од неолитот до железно време.

Започнат да се истражува пред две години, врз база на керамиката е востановено дека се работи за локалитет кој веројатно живеел отприлика помеѓу 1400-1200 год. п.н.е., т.е. периодот на доцното бронзено време во Македонија. Она што воодушевува е неговата местоположба, горе на врвот од планината, но збунувачки е тоа што таму сепак се забележува интервенција на човечка рака во наизглед доста интересно обликуваните форми. Вниманието го привлекуваат исклесаните вдлабнувања и патчиња, додека јадрото на оваа неверојатна структура која се добила со преобликување на карпите, се една платформа и престоли свртени кон исток, кои се наоѓаат помеѓу двете нивоа на врвот.



**Кога космосот се чита поинаку**

Веќе подолго време во и околу научната јавност кружи мислењето дека се работи за можна т.н. праисториска опсерваторија. Направената претпоставка е докажана врз база на проучувањата кои тука ги спроведоа бугарските астрономи од опсерваторијата во Стара Загора, докажувајќи дека овој споменик исклесан во карпите можеби се поклопува со соларната култна архитектура како дел од културата на енеолитските цивилизации. Истражувањата барале од астрономите посебен тип на анализи и интерпретација на морфометриските моди-



Керамички садови од локалитетот Татиќев Камен



Праисториската опсерваторија



Престолите



фикации, со што тие ќе ги докажат своите претпоставки дека се работи за праисториска сончева опсерваторија. Со помош на математички анализи, успеале да го реконструираат небото кое било набљудувано од сè уште нам непознатата древна култура, преку постоење на нишани и ориентации намерно направени во карпите кои ги покажуваат точките на изгревот и залезот на сонцето, пролетната и есенската рамноденица и летната долгодневица. Истражувањата велат дека овие точки се совпаѓаат со временскиот период од околу 1500-та год. п.н.е.

**Боговите се виновни за сè**

Се поставува прашањето какви биле астрономските интереси на една праисториска заедница, која на ваков сложен начин си ги пројавила врските со својата околина. Познато ни е дека пролетта и летото се важни за вегетацијата, земјоделските култури и размножувањето на домашните животни. Тоа дава можност за создавање на календар со кој на некој начин тие би можеле да ги контролираат сите овие

процеси. Од друга страна локацијата на врвот од планината можеби укажува на постоењето на т.н. “космичка планина”, каде врвот бил дом на небесните богови. Древните цивилизации на различни територии создавале нејзин пандан во форма на пирамиди, зигурати или било какви други архитектонски зданија, ориентирани по насоките на светот.

Дали овие набљудувања вклучувале ритуали и култни процесии ќе остане мистерија. Се поставува прашањето дали археолошкиот локалитет во Кокино, кој бил праисториска опсерваторија во вистинска смисла на зборот, бил можеби и светилиште или и нешто трето? Во прилог на локалитетот одат многу бројни факти, но како и секогаш голема е веројатност тие да се извртат и со нив да се шпекулира.

Праисториските луѓе заминувајќи во вечноста го оставиле археолошкиот локалитет во селото Кокино уверувајќи нè во своето знаење и голема умешност, дека на свој посебен начин успеале да се справат и да ја скротат природата. Уште долго ќе остане енигма која била популација што ги населувала тие простори во бронзе-



ното доба. Употребувајќи го концептот на време и простор, сметачкиот систем, математиката и геометријата, во наследство ни оставила неизбришливи траги во форма на камена култура.

П.С. Според НАСА праисториската опсерваторија во Кокино е прогласена за 4-та во светот.

Види: http://en.wikipedia.org/wiki/Kokino

*Цитирана литература:*

Станковски Ј., 2003, Три мегалитни споменици во кумановскиот регион, Пирајхме 2, Народен Музеј - Куманово, Куманово 2003, 229-262.

Ѓорѓевиќ Н., 2003, геолошко рекогносцирање терена на археолошком локалитетима у околини Куманова током 2002 године, Пирајхме 2, Народен Музеј - Куманово, Куманово 2003, 263-280.

Стоев А. Стоева П., 2003, Археоастрономическа интерпретација на скално-

изсеченија паметник “Татичев камен”, крај село Кокино, општина Старо Нагоричане, Македонија, Пирајхме 2, Народен Музеј - Куманово, Куманово 2003, 329-339.

*Останата литература:* имагинацијата на газдарицата на овој блог и пребарувачот на интернет.

Препорака: поприличен број написи од печатени или електронски медиуми за локалитетот Татиќев Камен или Кокино, можете да најдете на сублимирачкиот блог *Старо Нагоричане*:

http://staronagoricane.blogspot.com



# Мистерии - Собата од килибар

Во 1716 год. кралот на Прусија - Фредерик Вилијам за првпат на Руския Цар Петар Велики му го покажал ремек делото на Барокната уметност - “Собата од килибар”. Подоцна му ја дал на подарок како благонаклоност за спојувањето на овие две земји во заедничката алијанса. Најголемото дело од килибар било кога направено во уметноста тежело 6 тони, а за помоќен сјај целата соба била пресвлечена со злато. Се состоела од 100.000 парчиња на обработен килибар кои ги покривале дрвените плочи во големина од 55 $м^3$. Оригиналната соба се состоела всушност од осум дрвени плочи со висина од 3,69 м и ширина од 1,5 м. Имала осум пиластри, четири агли и дрвен под со насипана земја. Било предвидено целата да биде прекри-

ена со огледала, а садовите за јадење да бидат исто така од килибар со изгравирана златна линија на дното. Требало цел еден тим на занаетчии десет години да работат на ова мајсторско **delo koe bilo poznato kako** *осмо светско чудо.*

Подоцна Катерина Велика Собата од килибар ќе ја премести од зимската, во нејзината нова летна палата во Царское Село (денес Пушкин), крај Санкт Петерсбург. Таа ангажирала цела една нова генерација на занаетчии за да ја преместат и да ја разубават уште повеќе. Кога во 1770 година работата била завршена, како што напишале историчарите од тоа време, собата била заслепувачка. Била украсена со 565 канделабри чијашто светлина рефлектирајќи се од топлата златна површина на килибарот, сјаела врз огледалата, позлатата и мозаиците.

Ентериерот на палатата во Царское Село имал нешто поголеми димензии (10x10x7,8 м) од оригиналот. Затоа само три ѕида биле декорирани и прекриени со ќилибар, а деловите кои недостасувале биле дополнети со огледала и мозаици, со камчиња донесени од Урал и со кавкаски декоративни камења. Таванот бил



преубаво насликан, а подот бил прекриен со мозаици од најскапоцените видови на дрва. За време на оваа изведба работеле пет професионални мајстори - специјалисти за килибар. Некои ремек дела (како делови од мебелот) кои тие ги изработиле сè уште се наоѓаат во колекцијата на Кралската палата во Царское Село и се единствените делови кои ни се познати од оваа соба што успеале да ја преживат Втората светска војна.

Повеќе од 200 години Собата од килибар ја украсувала палатата на Катерина Велика во Пушкин, крај Санкт Петерсбург, традиционалната летна резиденција на руските цареви. А, потоа дошла Втората светска војна. За време на војната Русите и Германците взаемно си ограбувале илјадници уметнички работи едни од други. Така Собата од килибар, во летото господово 1941 станала едно од најпрестижните германски воени пленови. И покрај тоа што Русите се обиделе да ја сокријат собата, Германците ја пронашле и ја транспортирале во Германија. Шест луѓе за 36 часа ја размонтирале, ја спакувале во 28 кутии и ја пратиле со воз на Запад. Но, каде?

Помеѓу 1941 и 1945 год. Собата од килибар “наводно” била стационирана во замокот Кенигсберг (сега Калининград во Русија), град кој тогаш ѝ припаѓал на Источна Прусија. Кон крајот на војната Русите го срушиле замокот до темели и така почнала мистеријата која сѐ уште трае.

По војната официјалната изјава на Германците до која се држеле долго време, била дека Собата од килибар (како што била донесена во кутии) била сместена во замокот Кенигсберг и дека изгорела заедно со него во воздушниот напад. Но, другите докази кои се појавиле во меѓувреме веleле дека таа е сместена на друго место, па дури и дното од Балтичкото Море.

Многу луѓе во последните 50-ина години се обиделе да ја пронајдат Собата од килибар чија вредност во моментов се проценува над 250 милиони долари. Швеѓаните патуваат околу Балтичкото Море, а германските приватни истражувачи со помош на археолозите целосно ги прекопуваат баварските утврдувања. Но мистеријата сѐ уште останува нерешена. Исто така се вели дека со самата соба поврзано е и некакво проклетство. Па ќе прочитате и работи како



на пример дека неколку истражувачи кои потрошиле огромни суми на време и пари за да ја најдат, едноставно умреле или исчезнале под мистериозни околности.



*Собата од килибар*



Изглед на *Собата од килибар* пред Втората св. војна



*Собата од килибар* отворена за јавност



Детал од *Собата од килибар* по нејзината реконструкција



Детал од *Собата од килибар*

Во 1995 година историчарите вработени во McDonald Institute во Кембриџ официјално на BBC News изјавија дека не постои никаква надеж Собата од килибар да биде воопшто пронајдена. Но, во 1997 г. проструи веста дека е пронајден мал мозаик од јаспис и оникс кој можеби потекнува од неа. Група на германски детективи, вклучувајќи и поранешен СС агент успејаа да фатат еден човек кој се обидувал да го продаде оригиналниот мозаик во една уметничка работилница во Бремен. Тој велел дека го добил како наследство од неговиот татко кој своевремено бил офицер што го обезбедувал конвојот кој одел накај Кенигсберг, но дека нема идеја како татко му дошол до него. Една година подоцна Германците го конзервираа мозаикот и му го прикажаа на рускиот претседател Владимир Путин.

Во меѓувреме Собата од килибар стана толку многу популарна што една германска филмска компанија дури направи и филмска сторија во стилот на Индијана Џонс, а тој документарец беше прикажан и на една од локалните скопски телевизии (Ситeл).



Во Април 2003-та г. по повод прославата на 300 години од основањето на Санкт Петерсбург, во палатата на Катерина беше изработена комплетна реконструкција на Собата од килибар. Можеби ќе звучи иронично, но покровителство и најголем дел од финансиските средства дојдоа од германската компанија Rughars AG.

Собата од килибар си го обезбеди своето место во историјата на човештвото како најголемото изгубено богатство по кое сè уште се трага. Кога еднаш ќе ја видите нејзината реконструкција, ќе разберете и зошто. За да добиете било каква идеја што ќе ви ја поттикне фантазијата за оваа мистерија, само кликнете “The Amber room” на било кој пребарувач - и ќе ви излезат повеќе од 11 милиони страници. Таму ќе си најдете и повеќе фотографии.

# Ѓурѓовден

“И како и на секој преоден момент во годишниот циклус, се верувало дека ноќта пред Ѓурѓовден настапува време кога се будат демонските сили на хаосот, “небото се отвора” и влегува во конфликт со земјата и тоа е време кога по магиски пат тие сили можеле да се искористат за стимулирање на плодородноста.”

Ова е цитат изваден од последниот пост на Лотос* за Ѓурѓовден, во врска со кој можам да го додадам следното.

Една година по некаква си наша потрага, јас и еден мој пријател етнолог отидовме во Демир Капија, барајќи податоци за пештерата Горен Змејовец. По обичај правевме муабет со селаните од локалните села по прашалник кој ние самите си го составивме, за да ги извлечеме релевантните податоци кои на нам ни требаа. Во овој случај тоа беше еден човек од с. Дрен,

* Зборот содржи линк. Види:
http://lotos.blog.com.mk



кој беше љубезен да ни одговори на повеќе од стотината прашања кои му ги поставивме. Тука презентирам само дел од разговорот кој се однесуваше токму на Ѓурѓовден.

- А Ѓурѓовден каде рековте дека ...?

- За Ѓурѓовден одиме во селото Пишница горе. Таму се собират ... панаѓур е тоа и прават ... курбан ... јагне таму колат.

- Тоа црквата го прави?

- Има домаќини ...

- А јагнето од кого е, од црквата или од селото?

- Домаќинот што го бира црквата. Ваа година има домаќин, од другата година друг ќе ја земе. Така ...

- И како се бираат домаќините?

- И така се бират, кој сака да даде прилог ... кој ќе даде поише ...

- А се даваат и пари за тоа?

- Е па сигурно дават, не знам јас ... Кој како сака ... одгодина ... самоволно се заречува, дај да бидам јас.

- Како на пример некој што се зарекол, зошто се зарекол, знаете ли за нешто?

- Детето ли, жената ли ... нешто ... такви работи. Се заречуват - јас ќе ја гледам црквата една година или две години, за мое здравје да имам.

- После тоа откако бил домаќин, оздравува детето, на пример, или жената седно.

- Сигурно имат оздравено. Не знаеме ние толку.

- А таму кога идете за Ѓурѓовден преспивате таму?

- Домаќинот има ... кој што сакат си преспиват, некои жени кои сакат, а кои не сабајле ќе одат, ќе го истерат Ѓурѓовден и ќе се вратат, оти таму нема куќи ... ги иселија, нема више. Таму има некои викендички, тие си се таму и можат една недела да си седат ... инаку другите ќе одат сабајле, вечер ќе се вратат.

- А тоа ли е постаро село од Дрен?

- Постаро е изгледа оти воа Дрен тука е населено наново. Воа село било поугоре, а има друго ... се вика Стари Дрен.

- Дали е од турско или е од порано?

- Турско - порано ... Не знам ... па дали и старите го знаат тоа.

- А ти бабичке знаеш зошто пештерата се вика Змејовец?



- Змејовец се вика ... оти "бикофите" ... боските има на пример Змејовец боски од крави, боски од кози, од сите животинки. Да сокапиш 3 ка ти се разболе детето или ... ќе го измиеш ...

- Тие ќе ги измиеш - боските и водичката ја намачкаш? Тие боските што се во пештерата или?

- Тие од вода се направени ... кога одат сите кршат за дома. Што капе има стожер така голем, што капе капка по капка ... е таму горе (забелешка: најверојатно се работи за столбот во Долен Змејовец)

- Таа е лековита вода?

- Аха.

- А Змејовец, што значи Змејовец?

- Така се вика.

- Ама значи ли нешто тоа име?

- Има значење оти е лековито това.

- Ние мислевме да не има некоја прикаска?

- Не, не.

- Јас сум слушнал дека таму имало некој змеј што се скаменил?

- Можда имало, но ние не го знаеме. Во старо време можеби. Ние сме тука а не го знаеме тоа.

Покрај многу други работи тој кажа дека луѓето од таа околија имаат обичај (посебни нероделки) да одат на Ѓурѓовден во споменатата пештера и да прават обичаи со кои би ја стимулирале својата плодност.

И како многупати до тогаш се соочив да видам на дело како мештаните на христијански празници прават пагански обичаи.

Ова го имам запишано на диктафон, и после тоа дешифрирано. Интервјуто беше водено на дијалект и еве користам можност да му се заблагодарам на мојот професор Никос Чаусидис кој ми помогна при дешифрирањето. Најпровокативен дел од разговорот беше оној кога зборуваат за самовилите. Но тоа ќе го оставиме за друг пат.



# Нацистичка археологија

Многу е погубно кога археологијата ѝ упатува бакнеж на својата љубовница политиката. Во мојот пост за *Археологија на идентитетот* дадов само некои основи како се движи оваа научна гранка, која покрај политичка има и научна основа.

Факт е дека археологијата може да помогне на националниот идентитет, но честопати како таква е злоупотребена. Тоа се случило многупати во текот на човековото постоење, а како нејзин израз се пројавила и т.н. *нацистичката археологија* која спаѓа во доменот на современата археологија.

Настанала како пропаганда на нацистичкиот режим во периодот од 1930-1940 година, кога било сосема “нормално” на пример археолозите некој одреден стил во керамиката да го поврзуват со одредени етнички групи и да иденти-

фикуваат изразити разлики помеѓу нив само со помош на коскените остатоци. Нацистите ја употребиле оваа збрка на расите со националноста за да нацртаат мапи на Европа и преку тоа ја идентификуваат својата “супериорност” како раса.

Кој гледал Индијана Џонс, во неколкуте делови на овој серијал можел да забележи германски екипи на истражувачи кои со помош на археолошки ископувања се распослани по светот, сѐ со цел да обезбедат материјални докази за “својата култура”.

Но вистината е сосема поинаква. Во текот на нивните ископувања откриени се артефакти на кои тие им придале германско потекло (како на пример во окупираната Полска), а кои вклучувале да речеме некои пехари (бокали) на кои била нацртана *свастиката*. Ако го земеме фактот дека свастиката е стар соларен симбол, овие фалсификати дале всушност база за научен печат при докажувањето на националниот идентитет. Биле употребени како еден од доказите за да се оправдаат нацистичките освојувања (демек ете ние колку величенствени сме биле



во минатото) како еден вид на враќање на земјиштата кои веќе ете и историски и археолошки се “докажало” дека се германски.

Значи би можело на оваа тема многу да се пишува, но за да скратам, едноставно заклучокот би бил дека Нацистите употребиле псевдоархеолошки податоци за да си го оправдаат нивниот бренд, т.н. ариевска супериорност, кој во суштина, во овој случај нема никаква врска со наука.

# Краток курс по археологија на симболите...

### *или објективна археологија*

Пред некој ден го гледав филмот “Рудниците на Цар Соломон”, со Patrick Swayze во главната улога. Немам намера да ви го раскажувам филмот, ниту пак да давам критички осврт. Она кое ме натера да го напишам овој пост беше една сцена во која погребуваат домородец, и при закопувањето член од екипата (Англичанец-генерал во пензија - кој се затекнал со експедицијата) од почит во гробот му остава свој џепен часовник кој некогаш го добил како поклон од Кралицата на Англија.

Можеби кај повеќето од гледачите оваа сцена ќе помине незабележано... но таа по многу нешта е важна за архелогијата, а и за етнологијата и етнографијата како нејзини помошни науки.



Зошто ја потенцирав токму оваа сцена? Затоа што поради ваквите, би рекла сосема махинални човекови постапки при некои обреди, се прават работи со кои може да се збунат идните генерации на истражувачи. Дали оваа сцена во целост ќе ги отслика домородечките традиции или некогаш во иднината при некое археолошко ископување ќе внесе забуна за постоење на одреден материјален објект кај култура која не го поседува истиот и со тоа ќе биде основа за изведување на сосема погрешни заклучоци, особено во доменот на духовните сведоштва.

Еден француски етнолог од светски калибар, Андре Лероа Гуран, кој воедно бил и одличен археолог и палеоантрополог, во своите белешки оставил значајни сознанија. Ќе земам само еден од многуте примери за објективни археолошки согледувања.

Замислете дека во еден ист век живеат еден калуѓер и еден генерал. Калуѓерот е голем верник, а генералот тежок атеист. По обичај кога умираат, калуѓерите се закопуваат без било какви прилози во гробот. За разика од нив генералите при церемониите се закопуваат со

своето оружје, приврзоци на униформата, лични работи, по некој трофеј (како канџи) или беџ со крилатите фигури на слободата и потомството. По десеттина века нашиот атеист веројатно ќе испадне верник на некој култ на непознати женски божества, а скелетот на монахот засекогаш ќе ги сочува тајните на своите верски убедувања.

Постои едно нешто што не ми се допаѓа кај археологијата. Кога археолозите во некој гроб ќе најдат предмет од непознато потекло или неадекватна конотација (значи не можат никако да му најдат н.з.с.) веднаш го вбројуваат во редот на култни предмети. Поентата ми беше дека симболичките манифестации низ вековите треба да се проучуваат многустрано, бидејќи не секогаш се потврда за обичаите (посебно верските).

**Exeptum probabat regulam**... познатата латинска поговорка е сосема погрешно транскрибирана. Исклучокот не го потврдува, туку го проверува правилото.



# Автостоперски водич за христијанската религијата

Уште на почетокот ви кажувам дека овој мој поглед не претставува релативизирање на работите, туку чисто објективно научно археолошко гледиште, намерно лишено од секаков вид на емоции...

Да претпоставиме дека со помош на Автостоперскиот водич доаѓа турист на Земјата. Да претпоставиме и тоа дека ова суштество е разумно, ама лишено од можноста да се разбере со нас. Што тој ќе дознае ако посака да го спознае духот на европската религија, проучувајќи ги црквите? Ќе види јагне, магаре и вол, како и огромно количество на измачени, камшикувани или ранети ликови. Каква ли идеја ќе си создаде за христијанската религија и мисла?

Ајде од почеток. Да кажеме дека овој наш ѕвезден патник сепак одлучил да остане уште малку и да ги проучи црквите. Ако се погодил

при држење на миса или литургија, сигурно забележал дека сите христијани прават чудни стеротипни обичаи околу-наоколу веќе со илјадници години, без било каква смисла, и ги завршуваат со ритуалот каде се јаде парче на леб. Она кое прво ќе му падне на памет е дека се работи за некој магиски елемент во нивното верување чија цел е веројатно да се осигура подобро житородие.

Да отидеме понатаму и да го замислиме нашиот патник како ја проучува внатрешноста на црквата. Да претпоставиме дека имал доволно трпение да проучи дваесет или стотина цркви. Ќе востанови дека:

- градбите се секогаш свртени во ист правец
- деловите им се горе-доле константни
- постојат повеќе предмети кои покажуваат еден човек распнат на крст
- тој истиот човек може да се види на многу слики вдолж ѕидовите, во различни ситуации и опкружен со различни физиономии
- овие материјални сведоштва одговараат на еден поврзан систем каде крстот и сликите се цврсто зададена тема.



Дали тој воопшто може да си ја претпостави врската помеѓу обредот на јадење парче леб и распнатиот човек?

Лишен да разговара со интелектуалец од прв ранг без фелер, дали овој наш патник би можел да ги реконструира христијанската мисла и Евангелие, за да на крај дојде до заклучокот дека позади тие неразбирливи сведоштва стои некое повисоко симболичко значење? Од целиот направен инвентар, неговата реконструкција за религијата на христијаните би била зачудувачки неточна (а и како не би била) и веројатно ќе одговара на заклучокот дека овие луѓе имаат добро разработена космогонија и прилично развиени поими за промените на животот и смртта.

Сликата која се добива на овој начин ќе се сложите дека е сосема поинаква од онаа која ние ја познаваме, но сепак содржи дел од вистината до која е дојдено по еден сосема мејнстрим пат. Археологот пред фактот за религиозното верување се наоѓа во иста положба како овој наш разумен патник кој се истоварил на Земјата, а му е непознат верскиот феномен кај

човекот. Можеби оваа логика ќе ви се причини апсурдна, но...

Секое седиште има сопствено гледиште и објективноста во археологијата е предност, а не предизвик.



## ШИФРАТА НА ЛЕОНАРДО

Над влезната врата од секое кино треба да стои овој напис:

"Секое седиште има различно гледиште!"

Ете и јас на крајот успеав да го гледам филмот *Кодот на да Винчи*. Прво. Не се сложувам со изнесеното мислење на доста луѓе дека филмот е глуп, бидејќи е далеку од тоа. Во суштина се работи за еден добро осмислен конспиративен роман, каде освен една историска недоследност не видов дека има некои други нелогичности. Имено се работи за тврдењето дека божествената природа на Исус е зацртана на Никејскиот собор, што е далеку од вистината, затоа што на тој собор се знае дека дискусијата била на темата дали воопшто постоел момент кога Отецот не бил со својот "Син". Никој на соборот не се ни сомневал дека Исус Христос е само човек.

Се сложувам дека има многу нафрлања од типот на археологија, религија, криптологија итн., без поиздржано научно задлабочување, кое ако се случи ќе ја одземе привлечноста на филмот. Сепак на мошне умесен начин кој делува како вистина, Ден Браун успева да ни ја наметне својата фикција. Моето остро око од мал милион киксови успеа да го забележи оној најминорниот. Методолошката постапка при утврдување на вистинитоста на еден историски извор не се мери одокативно, и не постои ни теоретска шанса да се искаже аксиомата како што еден од ликовите во филмот кога ќе се види свиток вели: аха, овој папирус потекнува од 1-от или 2-от век.

Филмот се базира исто така и на вечната дискусија... дали црквата би можела да ја скрие вистината за тајната на Хсус Христос, кој доколку би бил оженет, сигурно би имал свое потомство. Значи во стилот... што би било, кога би било... целата прикаска во денешницата се плете околу еден професор по историја и една жена, кои се во потрага по Светиот грал, само што тој тука не ја претставува чашата од Тајната вечера, туку плодот на една љубов овоплотен во потомството, кое ако се открие би можело озбилно да ја разниша довербата во црквата. Бидејќи Ден Браун прилично добро се движи помеѓу вистинитите историски извори и фикцијата, ни наметнува еден факт дека тоа потомство во текот на 2000 години било штитено од еден таен ред на темплари (од лат. збор темплум = храм) наречено *Орденот на Сион*. Позајмен е еден историски факт дека тој ред на темплари постоел, бил основан 1118 год. од бургундскиот рицар Пајен, се состоел од монаси, и целта му била да ги пазат аџиите. Но во 1307 год. на 13 октомври (петок) Кралот Филип Убавиот издал наредба тие да се разрешат од должноста, под обвинение за ерес. Орденот на Сион навистина е регистриран како таков и постои во Франција, ама тоа се случило во 1956 г. од Пјер Плантар и Андре Ботом, а не во 1 или 2 век од н.е. Помеѓу 1961 и 1984 год. Плантар изработува мистично родословие на Орденот на Сион, и многу лесно може да се докаже дека е тоа измислица, а не вистина.

Понатаму... она што не го скопчав е каде ја испуштив поентата како да Винчи се вплеткал во целата оваа приказна за кодот? Значи ние

веќе гледаме како е тој вмешан ама не знаеме, ниту до крајот на филмот ќе се разјасни по која основа и на кој начин тој ги дознал информациите кои ги забележал и ги пренел понатаму, што во вид на слика (Тајната вечера), што во вид на криптограм.

Леонардо да Винчи, чиј анаграм би можел да биде "о Дарвин, о личен ад" цел живот имал противречности со црквата. Но... Во ноќта спроти Велики петок 1519 г., тој го напишал својот тестамент во кој барал по смртта во 3 различни цркви да се отслужи миса во негова чест. Умрел на 2 мај, малку нешто после својата последна причесна од Црквата - со која толку се препирал. Е сега, само затоа што бил особеник до последен здив и бил мултиталентиран на повеќе полиња, дали тоа го прави да биде видовит и да му се припише гледање во камчиња и на гравчиња... Иницијалната идеја за анализата на кодот е токму Тајната вечера од Лео, каде како базична појдовна точка е земен триагоникот. Тој се појавува како елемент насекаде во сликата (а и како не би бил), и тоа е моментот со кој се одвоени Исус Христос и Марија Магдалена. Но



скиците на Леонардо јасно покажуваат дека од десната страна на Исус е седнат Јоан, а не Марија. По логиката на нештата да се бараат скриени пораки во делата на Леонардо би се запрашале... дали можеби самиот Леонардо се насликал на толку извиканата и мистична Мона Лиза, во женска облека?

Симболите на триаголник или фалус и превртен триаголник надолу или вулва, се сретнуваат од праисторијата наваму и не гледам причина да се крева толку врева околу некои веќе утврдени параметри. Е сега нивното користење за разни цели е од проста причина што триаголникот е елементарна математичка геометриска фигура чие просторно ротирање дозволува неброен вид на комбинации и со самото тоа отвора подлога за создавање на веќе постоечки или непостоечки симболи, а со тоа и отворена можност на полето за шпекулација. Значи во овој случај повеќе се работи за симболизам, а не за извиканата религија. А бидејќи и обете во својата срж многу тешко визуелно се материјализираат, треба сепак да се остави простор за објективно толкување на работите.

Секако дека постојат и други аспекти на објективни запазувања за кои може да се зборува и дебатира, како ползуваните реченици од Светото Писмо и од гностичките Евангелија, но нејсе, едно нешто многу ме бендиса во филмот, една реченица:

“Секој го гледа она што сака да го види, секој го слуша она што сака да го чуе.”

Неоспорен факт е дека после неговото гледање се развиваат дискусии од кои единствено нешто што можеме да научиме е како и колку да се слушнеме себе си и да си ја разбереме својата сопствена духовност.



# Сексот и музејот

Сѐ започна од веста за најстариот кондом на светот, кој во моментов е изложен во Австрискиот музеј. Е сега само понекогаш се сложувам со дефиницијата дека предметите денеска се собираат поради нивното магиско дејство.

Комерцијализацијата на културата доведе то тоа да почнат да се колекционираат вистински бизарности, на кои понекогаш дури не им недостасува и естетиката како категорија.

Ги сакам музите. И предметите кои се перманетно или привремено дел од нив. Отсекогаш сум сметала дека музејот придонесува за една поинаква едукација, најмногу заради тоа што се создава еден посебен филинг помеѓу посетителот и предметите.

Постои некои необјаснив феномен на нашите доживувања при посетата на некој музеј. Не знам дали се должи тоа на естетската вредност на некои предмети, која како категорија е лична

и субјективна или на нивната веќе спомената магиска вредност. Но постои едно интересно чувство кое мене ме држи додека сум во музејот, а и неколку дена потоа.

Ми текнува дека за “Музејот на сексот” во Њу Јорк се зборуваше уште додека студиравме на факултет. Се крена голема врева прво околу идејата, а потоа и околу неговата локација. Креаторите на овој проект на самиот почетокот се судрија со огромни проблеми. Прво на оваа вест реагираше католичката Лига за религија, нарекувајќи го сѐ уште неизградениот објект “музеј на непристојност”. Тогашниот градоначалник на Њу Јорк, Рудолф Џулијани притиснат од верските организации, беше приморан да донесе закон со кој неговата локација ќе биде најмалку на 500 јарди оддалеченост од било кое училиште, црква или верски објект.

Музеј на сексот е институција од културен карактер која ја прикажува еротската уметност, историските сексуални каприци и документите за историјата на еротиката. Таканаречениот MoSex се наоѓа на 27-та улица од Петтата авенија во Њу Јорк, а своите врати ги отвори на 5



октомври, 2002 година, со свеченоста по повод изложбата на тема: “Како Њу Јорк го промени сексот во Америка”.

Иако музејот ја презентира еротската уметност во едно поинакво опкружување, не е на одмет да се спомене фактот дека треба да се надмине проблемот кој музејот го има вадејќи ги сексуалните објекти надвор од нивниот контекст. Но, ставајќи ги под стакло, во едно супер-организирано музејско опкружување сепак се постигнува ефектот поставката да биде возбудлива како некоја колекција на ексклузивни поштенски марки.

Доколку имате желба да го посетите “MoSex” треба да знаете дека изложбите се препорачуваат исклучиво за возрасни лица на 18 години. Ама баталете ја магиската вредност ако ви се случи да отидете во музеј и уште на влезот прочитате дека се забранети: пушењето, допирањето, лижењето, уништувањето или преместувањето на артефактите.

# Архео-филателија

*или археологијата и културата печатени на поштенски марки*

Поштенските марки обично се мало квадратно парче на хартија кое се лепи на ковертот и означува дека лицето што го праќа тоа писмо или пакет веќе си платило за својата испорака. Тие може да се колекционираат, а проучувањето од страна на стручњаци во однос на нивниот дизајн, производство и употреба откако се печатени, се вика филателија.

Сте гледале гарант по филмови (посебно оние со историска содржина) дека порано луѓето ги запечатувале своите писма. Ќе капнеле растопен восок на писмото и пред да се стврдне на него ќе втиснеле знак со печат или прстен. Околу 1830 год. на англичанецот Роуленд Хил му дошла идејата за примена на марките за да се олесни испраќањето на писмата и пакетите. Така првата земја која употребила поштенски марки нормално била Велика Британија во



1840 год. На другиот дел од полутопката, верувале или не, прва држава која ги употребила била Бразил (во 1843) а не САД, каде влегле во употеба по 4 години.

Поштенските марки некому се професија, некому хоби. Во првата категорија можеме да ги сместиме Македонски телекомуникации и нивниот оддел за филателија чиј официјален историјат започнува во 1992 година, по распаѓањето на Југославија, иако употребата на поштенскиот сообраќај на нашата територијата, своите корени ги влече многу пред тоа.

Со оглед на тоа дека поштенските марки се дел од брендот за промовирање на македонската археологија и култура воопшто, нивното современо значење воопшто не е спорно. Како една од малкуте работи кои циркулираат по светот, претставуваат релевантен репрезент на



нашата култура. Мене лично ме интересираше само оној дел на поштенски марки на кои се наоѓаат предмети од археологијата, етнологијата, историјата, уметноста, фрескоживописот, архитектурата (или културата воопшто).

Поштенските марки освен по години, организирани се и по следните категории:

» Редовни поштенски марки

» Фауна

» Флора

» Европа Цепт

Исто така концентрирани се и на одредени тематски целини од кои некои се периодични а други перманентни... како:

Познати личности, 600 год. од смртта на Крале Марко, рурална архитектура, теракотни икони од Виничко Кале од VI и VII век, мозаиците од Хераклеа, неолит во Македонија, карневалски маски - Струмица, музички инструменти итн.

Кампањата на Македонски Телекомуникации “навистина блиски” многумина ја осудуваат, но што се однесува до поштенските марки, луѓето ни самите не се свесни колку всушност навистина им е блиска археологијата и културата воопшто.



Признајте дека повеќето од вас постојано ги гледате марките, ги купувате, ги лижете, ги плукате, ги лепите, ги праќате, а ретко погледнувате што има на нив.

## ОСНОВНА ЛЕКЦИЈА ПО АРХЕОЛОГИЈА

Сите човечки популации живеат во склоп на почвата, т.е. земјиштето, заедно со одредени структури од живиот свет, како што се флората и фауната. Што значи физичката почва е место каде во минатото, а и сега се случуваат сите активности на човекот, и каде останувaa закопани како сведоци на едно време сите артефакти и екофакти.

Ако артефактот претставува ракотворба направена од човечката рака, која може да биде готов производ или нуспродукт во технолошкиот процес, тогаш екофактите се докази кои потекнуваат од надворешните, егзогени фактори, вклучувајќи ги физичките, хемиските и биолошките остатоци на човечките активности.

Како што знаеме археологијата е наука за мртвите работи. Но покрај тоа постојат и голем број на пропратни елементи кои на изглед се



чинат дека не се дел од “вистинската археологија”. Понекогаш тие демонстрираат значаен придонес да разбереме каков бил животот на луѓето во минатото. Многу од овие т.н. неартефакти припаѓаат на - почвата, фосилите од растенијата и остатоците од животните. Постои една наука која ги обединува сите нив, **т.п.** *археологија на животната средина*.

Првото нешто што еден археолог ќе го види кога ќе отиде на терен, т.е. кога ќе дојде во допир со археолошкиот локалитет, е почвата. Таа претставува негова работна околина, но и огромен извор на податоци. Доста често, за да се добијат порелевантни резултати, овој тип на анализа на почвите бара многу труд и тимска работа на повеќе профили на истражувачи. Затоа пак податоците кои се добиваат при тоа, ни покажуваат различни асоцијации и можат да истакнат некои значајни резултати. За жал во нашата археологија ова прашање засега е запоставено и не му е посветено потребното внимание.

Важно е да не се заборави дека еден археолог за да може да направи реконструкција во одредена област од животот на древниот човек, во

своја корист мора да ги има и да ги употреби сите расположиви информации кои ги нуди природата. Значи не само артефактите, туку и екофактите. Затоа треба да бидеме внимателни со природата, зошто ние всушност постојано газиме врз нашите докази.

Ова беше првото нешто што требаше да го дознаеме кога стигнавме на факултет. Но некои не го научија ни откога ја зедоа дипломата.



# Менхири, трилити, кромлиња, долмени, хенџови...

Самиот збор *мегалит* претставува сложенка од двата грчки збора - мегалос (голем) и литос (камен). Кога ќе се каже дека е нешто мегалитско (гроб, обсерваторија итн.) се подразбира дека е направено од прилично огромни камења кои се употребени како основа за некаква структура или споменик. Ги има несекаде во светот. Некои се лоцирани вдолж Медитеранот, концентрирани во Западна Европа, или само во Англија. Сите тие архитектонски праисториски споменици, во суштина имаат свои составни елементи:


Менхир

**Менхир** - (мен-камен, хир-долг) бретонски израз за еден исправен камен, монолит, верти-



Кромле

кално вкопан во земја. Тие се основата на многу праисториски мегалитски споменици во Западна Европа. Можат да бидат распоредени линиски (алинјемони - како на пр. Карнак) или кружни (кромле). Кромлесите имаат претежно сакрална функција и често се поврзани со конструкции од типот на хенџ. Мехнирите пак се омилена тема за шпекулација во псевдоархеологијата. Но толку се препознатливи од праисториските култури што дури од време на време ќе се се појават и во некој друг медиум (како на пр. Астерикс).



Трилит

**Трилит** - структура која се состои од три огромни камени блока. Два од нив се вкопани во земја, а третиот е поставен хоризонтално како архитрафна греда. Може да биде и составен елемент од некој хенџ.



Долмен

**Долмен** - (тол-маса, менкамен) или камена маса. Стар бретонски израз за да се означат камените гробни конструкции



во вид на џиновски маси, бидејќи навистина така и изгледаат. Можат да бидат составени од два исправени камена и еден хоризонтален кој налегнува во нив (формирајќи ја буквата П) па се до групација од такви камења. Најчесто се состојат од три до шест големи камени блокови вкопани во земја преку кои е положена огромна камена плоча.



Хенџ

**Хенџ** - кружна или овална конструкција од култен карактер, со преку 20 м во дијаметар и ров околу него. Пристапот им е ограничен само од неколку страни, но најчесто од онаа која гледа кон Сонцето кога излегува на денот на летната долгодневица или зимската краткодневица. Можат да бидат составени од компоненти кои вклучуваат - камени седишта, камени кругови, менхири, трилити, кромлиња, некрополи итн...

Теориите за што можеле да бидат употребувани овие хенцови ќе ги оставам за друг пат. Но најчесто се поврзуваат со култни ритуали и астрономски обсерватории.

Инаку целиот овој текст беше поттикнат од неодамнешното пронаоѓање на еден ваков хенџ во Германија стар 7000 години, за кој неофицијално е потврдено дека е можеби најстарата мегалитска праисториска обсерваторија во светот.

Имам чувство дека во ерата на водолија и пронаоѓањето на нашето Кокино, одеднаш почнаа да се откриваат мегалитски обсерватории насекаде низ светов кои вообичаено се компарираат со Стоунхенџ во Англија. За сега не можам да ја фатам нишката. Барем не на научна основа.



# Археологијата во романите на Агата Кристи (1)

Да не беше владеењето на Садам Хусеин, досега археолошките локалитети Нимруд, Нинива, Бабилон, Ериду и Ур ќе се "прочуеја". Е па не е така. Тие со или без него си ја достигнаа светската слава. Иако... секој од нив и послужи и на Агата Кристи за дејствијата во некој од нејзините романи, насловени како: Murder on the Orient Express, Death on the Nile, Appointment with Death i sekako Murder in Mesopotamia.

Од каде врската на Агата Кристи со археологијата?

Кога на 08.11.2001 год. Brithish Museum ги отвори вратите за својата изложба насловена како: Agatha Christie and Archaeology: Mystery in Mesopotamia, никој не беше зачуден.

Веројатно многу работи ќе ви станат јасни ако се земе предвид дека нејзиниот втор сопруг ser Max Mallowan бил археолог и втората поло-

вина од својот живот таа ја провела на Блискиот Исток по археолошки ископувања. Придружувајќи го Макс на сите тие патувања и ископувања, таа го поддржувала и морално и технички. Важела за еден од најдобрите документатори во неговата екипа, лепела керамички фрагменти и водела статистика за артефактите. На самите археолошки ископувања, таа напишала поголем дел од романите, од кои некои се случуваат директно на археолошкиот локалитет, како што се дејствијата во книгите “Смрт на Нил” и “Убиство во Месопотамија”.



Според мене делата на Агата Кристи:

1. Се со несомнено естетски книжевен квалитет.

2. Во голема мера и на ненаметлив начин во



нив се спакувани основните егзистенцијални образци во светот.

3. Сите ја третираат на еден интересен начин мрачната страна на човекот која од одредени побуди превзема дејствија за заштита на некои свои емоции.

4. Пристапот кон решавање на случаите со убиства е блиску до методите на археологијата, но...

Што е тоа што ги разликува главните ликовите од романите на Агата Кристи со теренските археолози? Разликата е во начинот на методолошките постапки со чија помош се доаѓа до решението.

Уште на почетокот од XX век станало јасно дека археологијата е наука тесно поврзана со историјата и антропологијата. Првата и најосновната фаза од теоретската мисла на археологијата, симплифицирано била наречена културно-историска или само културна археологија. Заснована на индуктивното, значи дека размислувањата се сведувале на чиста логика. Мислата е заснована по принципот на силогизам на основна, главна премиса и адекватно на тоа - логичен заклучок.

# Археологијата во романите на Агата Кристи (2)

Најголемиот противник на оваа културна археологија бил правецот кои се појавил на почетокот од 60-те год. од XX век, т.н. *процесуална археологија* (New archaeology). Позајмувајќи ја идејата за правење на хипотеза со која ќе се тестира археолошкиот научен метод, оваа теоретска мисла се базирала на идејата дека археологот треба да направи неколку хипотези за културата која ја проучува и да го води начинот на ископување така, да би можел да ги тестира своите хипотези наспроти доказите кои ги пронаоѓа.

Прашањето е пак - Зошто личност како Агата Кристи на која одлично и биле познати методологиите кои се применувале во археологијата, се решила за еден сосема поинаков приод?

Херкул Поаро, малиот дебеличок белгиски детектив познат по својата педантност и



узречица "Мон ами" и госпоѓицата Марпл, една стара брблива уседелица од мало англиско место, порилично досетлива, со специфичен начин на резигнирање успеваат да ги одгонетнат сите мистерии произведени во човечката психа.

Поаро удобно навален во својата фотеља ги користи "своите мали сиви ќелии", а госпоѓицата Марпл пак методот на разговор от типот комшика-комшика (што би рекла Кристи, и оговарањето може да биде понекогаш здраво, само зависи како се гледа на тоа), очигледно и обата успешни пристапи судејќи по добиените резултати.

Значи Агата Кристи била пред своето време? Или (не)случајно во своите дела вметнала една археолошка мисла во зачеток која подоцна ќе се развие во светско археолошко движење.

Agatha Christies's quoutes за археологијата:

Археолозите се најдобри сопрузи, бидејќи покажуваат сѐ поголемо интересирање за жената, колку што таа е постара.

Вие би биле добар археолог, M. Poirot. Имате дарба да го оживеете минатото. Agatha Christie, Murder in Mesopotamia, (1936)

# Археологијата во романите на Агата Кристи (3)

Но пред Кристи и воопшто почне да размислува на тој начин, еден друг човек во книжевноста вовел лик кој практично ќе ги постави основите на она кое што Кристи ќе го продолжи. Се разбира тоа бил Шерлок Холмс на сер Артур Конан Дојл. Овие карактери по своите методи се доста слични со теоретската и методолошката иновација која се појавила во **sredinata na** XX век, односно ќе бидат своевидни перјаници на нешто за кое се залагале поборниците на т.н. процесуална или Нова археологија. Оваа теорија денеска е надмината, но за тоа можеби во некој нареден пост.

Со својот дедуктивен начин на размислување, практично тие им се спротиставиле на тогашните традиционални методи на истражување. Во секое од делата и на Дојл и на Кристи, очевиден е триумфот на детективите, во споредба со конзервативните методи на полицијата.



Покрај сè друго, треба да се има предвид дека на Агата Кристи добро ѝ биле познати теоретските основи на археолошката мисла, во која и самата таа на некој начин преку својот сопруг и преку романите, имала удел.

Вистинските археолози би рекле: “Ех, ние имаме толку многу работа, немаме време да се замараме со некакви си хипотези”. . .

Но, главните ликови од нејзините романи го прават токму тоа.

И во едниот и во другиот случај се работи за дедуктивно-хипотетички методи пропратени со доза на познавање на човековата природа во својата срж каде врз база на компарација на ликовите се прави психолошки профил за одредени категории на луѓе.

Значи, типологизација (уште една голема допирна точка со археологијата) на човековиот карактер , кој потоа врз база на компарација ги дава резултатите. Нема што, и да е хипотетико-дедуктивна, археологија е.

И барем на Агата Кристи, ѝ успева!!!

# Археолог аматер или на терен со Агата Кристи? (4)

Некој ја прочитал Агата Кристи до своја 14 годишна возраст. Некој допрва ја открива, а честопати и се препрочитува едно те исто дело зошто со текот на времето дејствијата се заборавааат. На некого повеќе му се допаѓаат филмуваните верзии, на некого книгите. Секој може да ја толкува како сака...

Но, факт е дека Агата Кристи била археолог-аматер, иако никогаш не отишла понатаму од тоа, како што е случајот со псевдоархеолозите за чии примери сме свесни и денеска. На ископувањата работела буквално сè, само за да биде блиску до својот сопруг. Дури важела и за одличен фотограф. Кога за прв пат во 1936 г. се појавиле сликите во боја, таа уште веднаш ја имала камерата и направила ексклузивни снимки по локалитетите на Блискиот Исток. Некои парчиња керамика кои таа ги чистела и ги реставрирала, сè уште се дел од збирката на Brithish Museum.



Многумина се прашуваат, од каде наоѓала време да ги пишува своите книги, кога се знае колку е напорен животот на едно археолошко ископување? Посебно на оние од голем размер, на кои и самата таа присуствувала. Неофицијално по археолошките кулоари постои мислење дека Макс Малован славата и Британската титула ѝ ја должи нејзе. Уште еднаш се покажува правилото, дека зад секој успешен маж, стои “всушност” успешна жена.

А Агата Кристи е и повеќе од тоа!

**Дополнување за оние што сакаат да дознат повеќе:**

За да се забавувате прочитајте ја статијата na *Утрински весник* која е copy/paste од мислење на *Александар Палавестра* (каде и јас самата најдов доста инспирација), професор на Белградскиот Универзитет. Направете ја сами споредбата. Уште еднаш се покажува дека весниците немаат свои компетентни новинари за култура, туку само копираат или едноставно преведуваат статии најдени преку некој од пребарувачите. Оваа е целосно симната без да се наведе никаков извор на податоци.

Инаку - освен официјалниот сајт за Агата Кристи (http://uk.agathachristie.com/site/home), ви препорачувам еден веб сај направен на нам разбирлив јазик, кој навремено е апдејтуван и каде (http://agathachristie.bravehost.com/) навистина можете да најдете огромен број на податоци во врска со нејзиниот живот и дело, публикување на книги, филмување на делата, мислења и дебати на читатели вклучително со делови од нејзината Автобографија.

*Агата Кристи и археологијата* е еден ексклузивен мини семинар на Brithish Museum, (http://www.fathom.com/course/21701725/index.html) кој одел во вид на предавања.

Дури и престижното списание Археологија ѝ посвети еден свој напис насловен како - “На терен со Агата Кристи”.

П.С. Серијалот го посветив на мојот внук Јаков (како поклон за роденден) и мојата братучедка Маја, веројатно еден од најверните читатели на Агата Кристи



# Археологијата бара факти, а не вистина

Што е вистина, а што реалност?... Наместо дебата јас напишав еден расказ, но кој како го сфати. На крај заклучокот беше дека вистинска е онаа реалност која носи последици, сеедно од каков тип е таа.

Ме бендиса именувањето на бугарскиот блог *Јонес* кој се бави со археологија. Описот на блогот носи наслов:

“Археологията търси факти... а не истината.”

А јас ќе додадам, ама не било какви факти, туку арт-е -факти.

А кога сме веќе кај вистинската реалност се поставува прашањето, дали отсуството на докази е доказ за отсуство? На идентитетот...

И овдека прашањето е реторичко. Не морате да го одговорите. Но барем размислете за тоа.

# Блогерите одат за Куклица, Цоцев камен и Кокино

Е кај сте тргнале де, нели треба прво да уплатите во агенција???!!!

На страниците на Дневник се појави известување дека Општинскиот центар (каков е тој стадиум на институција!) за карпеста уметност од Кратово прави организирана посета на локалитетите Цоцев Камен и Куклица во соработка со агенциите Компас и Адриатик. И покрај дадената изјава во јавност, агенцијата Компас не постои, а во Адратик ми ги дадоа следните податоци:

- Ах да, правиме тури, ама бидејќи нема многу заинтересирани не може да се направи група.

- А колку ви чини турата и што опфаќа?

- Чини 1.900 ден и се гледаат Куклица, Цоцев камен и Кокино во ист ден, а има и ручек во Кратово.



- Ахам, а ќе има ли тура за сабота?

- Па најискрено оваа недела само вие се јавивте.

Пред 2 години со студентите по археологија бевме само до Кокино. Изјамивме од оние малите комбиња што стојат покрај МНТ и нѐ чинеше по 200 денари од човек, со тоа што возачите се убија чекајќи нѐ, зашто окапавме цел ден на локалитетот. Ниту Куклица, ниту Цоцев камен не се усвет, па да се набива цената на турата заради километражата, ем башка за ниту еден од нив не се плаќа влезница. Вреди да се видат токму поради фактот што се извикани. Ајде, ако кажеме дека Куклица е природен геоморфолошки феномен, тогаш Цоцев камен би сакала да го видам, земајќи ја предвид еуфоријата која се крена околу него, и која брзо спласна.

И каква е таа цена од 1900 денари по човек? Веројатно вработената и покрај мојата способност да зборувам чисто литературно македонски, си помисли дека сум странец. За овие пари, и сам можеш да отидеш до локалитетите, да си платиш еден добар ручек, па и да ти останат. А ем башка и мене ќе ме имаш за водич.

Во што е проблемот да толку извиканите Куклица и Цоцев камен, а посебно моето омилено Кокино остануваат без туристи?

Абе сакат да беше, туризам ќе беше. Како што вели Волан, од секојпат се залагал за специфична форма на туризам во Македонија. Дури и јас пишував за пештерните цркви како идеја за спиритуален туризам. Ама како да се стори тоа кога речиси сите локалитети се запуштени, па дури и оние од значење за нашата историја.

Зошто на црквите се гледа како на субјект за кој мора да се грижи само МПЦ?

Нема никакви медиумски кампањи, од типот на онаа ако се сеќавате “Купувајте македонски производи”.

И најважното:

Огромна неинформираност на општата популација за сопствената култура која веќе ја достига критичната точка. На таа критична маса луѓе ако не поинаку, тогаш треба на тацна да им се сервира културното богатство кое го имаме оти никогаш нема да спознаат кои се, од каде се и зошто се тука каде што се.



Што сме ние бре? Дрво без корења? Немаме свој дом? Свој сон?

Културното наследство е приоритет на една држава, и не гледам причина повеќе страни да бидат засегнати. Вклучувајќи нѐ и нас блогерите.

## **СОДРЖИНА**

Археологија на идентитетот .......................... 5

Уметноста на исламот во Македонија .......... 9

Пештерните цркви во Македонија .............. 15

Каде е гробот на Пресвета Дева Марија

(Мајка Богородица)? ...................................... 22

Големите Мајки Богинки - култ или... ........ 28

Метаморфозите на Скопското Кале ............ 36

ВЕНИ, ВИДИ, ГРАФИТИ!!! ......................... 44

Праисториската опсерваторија во Кокино .. 51

Мистерии - Собата од килибар ..................... 59

Ѓурѓовден ........................................................ 66

Нацистичка археологија ................................ 71

Краток курс по археологија на симболите.... 74



Автостоперски водич

за христијанската религијата ......................... 77

Шифрата на Леонардо .................................. 81

Сексот и музејот ............................................. 87

Архео-филателија ........................................... 90

Основна лекција по археологија ................. 94

Менхири, трилити, кромлиња,

долмени, хенџови... ......................................... 97

Археологијата во романите

на Агата Кристи (1) ...................................... 101

Археологијата во романите

на Агата Кристи (2) ...................................... 104

Археологијата во романите

на Агата Кристи (3) ...................................... 106

Археолог аматер или на терен

со Агата Кристи? (4) ..................................... 108

Археологијата бара факти,
а не вистина ...................................................... 111
Блогерите одат за Куклица,
Цоцев камен и Кокино ................................... 112

## Кон првиот македонски археолошки он-лајн дневник

Можеби, што е тоа археологија, најдобра дефиниција видов, каде ако не во "Индијана Џонс", кога еден од ликовите вика "Ако го закопам овој часовник кој сега вреди 10 долари, и го откопам по 2000/3000 години тој ќе има непроценлива вредност".

Но, подеднакво важна лекција е и она што професорот Џонс им ја кажуваше на сите оние студенти кои беа залутани на катедрата заради авантуризам или кои гледаат прилика за некакво богатење: археологијата е наука која 80 проценти од работното време неоходно да се помине во читање во библиотека.

Во експанзијата на блоговите во Македонија, не се јавија премногу разновидни блогови, оттаму зачудуваше што многу други науки немаат свои "блог-експозитури", а има блог за археологија.

Кај поинтелектуалните читатели одамна се знае за "Нешенл Џеографик", кај помалку интелектуалните, "Кодот на Да Винчи" дело, кое ширум ги отвори вратите за конспирациската литература од секаков вид, која овде во Македонија, особено во транзицијата најде на одличен прием од културно осиромашената публика.

Оваа археологија онлајн не привлече само стручњаци од нејзината област, привлече и многу луѓе чии афинитети се мистиката, историјата, религијата - теми кои се нужно испреплетен и со самата археологија.

Многу наши поафирмирани археолози може да и завидат на авторката на нејзината пишувачка дарба, која нејзините лични "откритија" умее да ни ги напише на еден "научно-популарен" стил, многу префинет, многу јасен и прецизен, пред се, разбирлив за пошироката интернет публика.

Многу наши поафирмирани археолози може да и завидат на авторката на нејзината пишувачка дарба, која нејзините лични "откритија" умее да ни ги напише на еден "научно-популарен" стил, многу префинет, многу јасен и прецизен, пред се, разбирлив за пошироката интернет публика.

Често дополнето со "артефакти", како фотографии, аудио-видео материјали, направија нејзиниот блог да се стекне покрај научната, едукативната и со атрактивна димензија.

Лично, причината поради која прифатив да напишам неколку зборови за "археолошкиот дневник" на Василка е и нејзиниот светоглед кој е на високо естетско ниво, пра-етички, неоптоварен од провинцијалното мегаломанство, идеолошката преоптовареност или вулгарната политизација која, како и во останатите општествени сегменти е прилично присутна.

На ова нејзино дело, гледам и како најава за нејзините идни сериозни научни трудови, кои ќе наидат на силен одек во светската јавност, но и со кои ќе ги подразбуди конзервативните археолози кои археологијата ја сведиле, како што самата Василка многупати знае да каже "само како копање, со државни пари".

Алекс Букарски
(http://bukarski.com)

Текстовите се објавени од блогот http://arheo.blog.com.mk, а печатеното издание го објави издавачката куќа „Аквариус пет" во едицијата „Блог записи".



Адреса на блогот:
http://arheo.com.mk

Вистинско име:
Василка Димитровска
дипломиран археолог

E-mail јавен:
info@arheo.com.mk

ISBN 978-608-4502-01-2 (ед.)
ISBN 978-608-4502-03-6 (кн.)

АквариуС